ВЕРА СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ (Скопје)

# ИСТРАЖУВАЊАТА И РЕЗУЛТАТИТЕ НА ПРОФ. ВЛАДИМИР МОШИН ОД ЦРНОГОРСКИТЕ РАКОПИСНИ ЗБИРКИ

Истраживачка дјелатност на неуморниот научник — славист Владимир Мошин евидентно е широка, разнообразна, а пред сè значајна за повеќе славистички области. Неговата целокупна дејност сè уште нема крајна оценка, бидејќи наследството што го оставил зад себе неуморниот ентузијаст професорот Мошин уште многу години ќе се инкорпорира во славистичките студии и дела.

И покрај неговата проверена вистина и прифатеност како научник од највисок ранг, у покрај неговата беспримерна ерудиција и неизмерна љубов кон работата, не можам и во овој случај да не се потсетам на неговата големина и широчина изразена во краткиот, но резимиран говор по повод 90-годишнината од раѓањето на професор В. Мошин. Токму тогаш деведесетгодишниот славеник изјави дека целиот живот, и на самиот јубилеј, се чувствувал како ученик, а не како учител. Ние сите што имавме чест до го познаваме професорот Мошин, да учиме од него, да соработуваме со него, имавме можности преку бројни примери и дела во личноста на проф. Мошин да откриваме пример на беспрекорен научник, со широки хоризонти, какви шо неминовно нуди науката, без крај, без дно, соединети во безрезервен дух во контактибилната негова хуманост, оставјќи го сопствениот белег — Човек.

Професор Мошин бил преодреден да ја остави својата постојана трага ширум Југославија. За него оваа наша земја немаше граници. Познато е дека колгите слависти од повеќе југословенски центри, особено од: Загреб, Белград, Скопје, се суштински горди со повеќегодишниот престој, работа, едукација на кадри, во споменатите градови. Во Скопје се задржа повеќе од дваесет години, и овде кај нас, го дочека својот достоинствен крај.

Во случајов станува очевидно јасно дека неуморниот научник стигнал до секое катче на Југославија, каде што се чуваале пожолтените стари ракописи. Неговата нога не оставила да

не пречекори во старите манастирски книгохранилишта во сите републики. Во Македонија, речиси од денот на неговото пристигнување во Скопје, околу него се формира група на ученици, секогаш со пиетет свртени кон Учителот, секогаш спремен да соработува со нив, дури и кога се наоѓаше во постела.

Една од неговите планирани акции беше и евидентирањето на ракописното наследство во Црна Гора, распрснато во повеќе манастирски центри. Откако ги обиколи, испита и проучи црногорските ракописни збирки, денес можеме да констатираме дека проф. Мошин обединил толку значајни потфати, врски и истражувања на полето од лингвистиката, книжевноста, палеографијата, историјата, културата, што со право можеме да заклучиме дека неговата присутност зрачи и денес ширум Југославија, ширум неговата татковина СССР, и ширум светот.

Проф. Мошин пристигнал во Цетиње на 28 јули 1954 година. Истовремено учествувал во работата на стручната конференција во врска со прашања за организација на службата за реставрација на ракописи, со учество на Заводот за заштита на спомениците на културата во Црна Гора и Државниот архив во Цетиње. В. Мошин дал мошне корисни сугестии за уредувањето на самата работа.

По исцрпното споредување и истражување на ракописите на Цетиње, опишани порано нееднинствено од Д. Вуксан[1] и Ѓ. Сп. Радојичиќ,[2] во 1956 година се појави најновиот опис на В. Мошин, кој регистрира осумдесет и пет зачувани ракописи.[3] Мошне прецизно В. Мошин ги опишува сите ракописи, хронолошки, со најнужните податоци, со определени јазични редакции. Меѓу ракописите со разновидни словенски редакции се наоѓаат и неколку македонски. Секако, во оваа збирка значајно место наоѓа Минејот за мај месец, под реден број 33, македонска редакција од средината на XIV век. Интересен е и Стишниот пролог за зимската половина од годината, пишуван во еден дел со српска редакција, а во вториот — со македонска. Потекнува од XVI век. Во него се наоѓаат житијата на Иван Рилски, Иларион Мегленски и Михаил Воин. Со македонска редакција е издвоен и зборникот Лествица и Беседите на св. отци од XIV век.

Во 1956 година, според одобрението на ЈАЗУ, проф. Мошин ги посетил манастирите: Грачаница, Дечани, Плевље, Цетиње и Крк, заради проучавања на состојбата на ракописите.[4] На 23 јули проф. Мошин пристигнал во Плевље, во мананстирот

[1] Душан Вуксан, Зборник за историју Јужне Србије и суседних области, I, Скопље 1934, 190—221.

[2] Ђ. Сп. Радојичић, Историјски часопис САН. књ. II, 1949—1950, Београд 1951, 338—348.

[3] Vladimir Mošin, Ćirilski rukopisi Cetinjskog manastira, Ljetopis JAZU, 61, Zagreb 1956, 280 — 284.

[4] V. Mošin, Izvještaj o naučnom putovanju u Gračanicu — Dečane — Plevlja — Cetinje — Krku, Ljetopis JAZU, Zagreb 1959, knj. 63, 311—318.

Св. Троица. Збирката од овој манастир делумно ја инвентарирал М. Вукичевиќ,[5] слично како што постапил С. Косановиќ.[6] Врз овие ракописи работел и Ѓ. Сп. Радојичиќ, кој известил дека констатирал исчезнување на значајниот ракопис — Српскиот синодик.[7] Овој ракопис има повеќестрано значење, а посебно е важен и за откривањето на богомилското учење. Работата течела во незавидна ситуација, бидејќи честопати под еден инвентарен број се наоѓале 2—3 ракописи, некои биле многу оштетени.

В. Мошин извршил целосна каталогизација, со идентифицирање на спомениците со податоци од старите инвентарни книги. Фиксирајќи и опишувајќи 114 ракописи, В. Мошин го пронајде и загубениот Српски синодик, погрешно опишан и сместен од Косановиќ како Требник.

Во 1956 година проф. Мошин го замолил Заводот за заштита на спомениците во Црна Гора да му дозволи уште еднаш потемелно да ја проучи збирката. Во второто навраќање од десетина дена регистрирал и опишал 117 ракописи. Ракописот на Синодикот бил реставриран во ЈАЗУ потоа вратен назад. Во врска со овој значаен ракопис В. Мошин објави посебна студија,[8] во која се запира на значајни прашања што ги открива самиот ракопис.

Веќе во 1958 година се појави печатениот Каталог од Плевље, со наслов „Кирилски ракописи од манастирот Св. Троица кај Плевље."[9] Во овој значаен труд, покрај најважните податоци за ракописите, проф. Мошин прави и нови заклучоци и напомени. Се осврнува врз работата на сите претходни истражувачи, укажувајќи на нивните недоследности, грешки, за да ја претстави разрешената состојба, која добро ја проучил.

Кон оваа збирка припаѓал и познатиот Таслициски служабник од Твртко Припковиќ, кој денес се чува во Народната библиотека во Ленинград. Исто, така, значаен е ракописот Шестодневот од Козма Индикоплов. За нас е посебно важно Четвороевангелието со српска и македонска редакција, пишувано на пергамент, на 287 листови, со потекло од XIII—XIV век. Во месецословот нема српски светители, а го има „Кирил Филозоф — учитељ словенску језику."

Манастирот на Морача бил основан во 1252 година. Како значаен манастирски центар поседувал и ракописна збирка. Во 1444 година попот Никодим оставил белешка дека „книжац мало беше у цркве", заради што купил два триодни текста и Пракс-апостол. Во почетокот на XV век Морачкиот манастир бил опустошен од Турците, а веќе во 1574 година бил обновен.

[5] Glasnik Zemaljskog muzeja u Bosnį i Hercegovini, XIII, 290—327.
[6] Гласник Скопског ученог друштва, XXIX, 165—179.
[7] Гласник Скопске академије наука, књ. I, св. 1—2, Београд 1949, 220—236.
[8] Slovo, Vajsov zbornik, Zagreb 1957, 6—8, 154—176.
[9] Историјски записи, Цетиње 1958, 1—2, г. XI, 236—261.

Во XVII век се почувствувала раздвиженост и во 1615 година била сопствена Морачката крмчија, потоа Зборникот со житија и поученија, а во 1663 година скопскиот митрополит Силвестер испратил до манастирот ракописен текст од Летописот на Зонара.[10] Меѓутоа, многу ракописи биле изнесувани од манастирот, некои се наоѓаат во Плевље. Во 1830 година игуменот Теодосиј донесол 20 црковни книги. Мошне интересни податоци за судбината на овие ракописи оставил Е. Ковалевски.[11] По 1841 година ракописите се поредиле. Кога во манастирот пристигнал В. Мошин, констатирал дека се зачувани 10 ракописи, од кои најстаро е Четвороевенгелието од XV век. Сите десет ракописи покажуваат знаци на српска редакција. Покрај Евангелието Мошин опишал: Евангелие-полн апракос, Пракс апостол, Служебник, Псалтир, Поменик морачки, Октоих, итн.

Мошне значајна е збирката во Црна Гора што се наоѓа во манастирот Никољац кај Бело Поле. И оваа збирка нашла достојна обработка во делото на В. Мошин.[12] Од оваа збирка главно потекнуваат записите од III книга на Љ. Стојановиќ.[13] Прв поцелосен преглед дал В. Ќоровиќ.[14] Историјатот на црквата, како и описот на збирката, го подготвил Б. Цвијетиќ.[15] В. Мошин ја затекнал збирката не подредена, а претходниците не воделе сметка ниту за точните сигнатури. Додека В. Ќоровиќ опишал 51 ракописи, В. Мошин затекнал и обработил 84.

Во 1960 година Владимир и Олга Мошин престојувале во манастирот и морале самите да ја средуваат збирката, да ги сушат влажните и залепени листови, да ги чистат од кал и прашина. Притоа не нашле три ракописи од опишаните ракописи од Ќоровиќ. Овие ракописи биле првпат датирани според водените знакови. При опишувањето В. Мошин се придржувал кон жанровската припадност на ракописите. Најнапред се опишани десет четвороевангелија, а најстарото е од 1493 година, српска редакција. Повеќето се од XVI век. Потоа доаѓаат пет апостоли, псалтири, минеи, триоди, требници, синаксари, зборници. Покрај ракописите В. Мошин регистрирал и опишал 97 значајни старопечатени книги.

Меѓу значајните трудови на проф. Мошин во врска со културното ракописно наследство на Црна Гора треба да се спомене студијата за реконструкцијата на Требникот на Црноеви-

10 Љ. Стојановић, Стари српски записи и натписи, 1594.

11 Егор Петрович Ковалевский, Черногория и славянския земли, Спб. 1872. В. Мошин, Историјски записи, Титоград 1960, XVII, 3, 553—565.

12 В. Мошин, Ћирилски рукописи у манастиру Никољцу код Бијелог Поља, Историјски записи, Титоград 1961, г. XIV, књ. XVIII, 681—708.

13 Записи и натписи 1905, III књ.

14 Рукописи у Никољцу код Бијелог Поља, Зборник за историју Јужне Србије и суседних области, I, Скопље 1936, 77—90.

15 Записи у цркви Св. Николе у Никољцу код Бијелог Поља, Зборник за историју Јужне Србије и суседних области, I, Скопље 1936, 223—250.

16 Владимир Мошин, Још о реконструкцији Црнојевићева требника 1495 године, „Библиотекар“, Београд 1964, бр. 3—4, 199—205

ќите.[16] Во Плевље бил пронајден Требникот на Црноевиќите од 1495 година. Ракописот бил пронаоѓан и сопставуван постепено, од првиот пронајден еден лист перснал во 250 листови. Во недостиг на повеќе делови В. Мошин врши реконструкција, споредувајќи го со нему слични. Притоа ги исправа грешките направени од: Каратаев, Грујиќ, Радојичиќ.

Во неговите најобемни студии своето место го наоѓа опширната компаративна обработка на Летописот на попот Дукљанин, кое дело обезбеди значајно место во историјата на книжевноста.[17]

[17] Vladimir Mošin, Letopis popa Dukljanina, Matica Hrvatska, Zagreb 1950.

Vera Stojčevska-Antić

INVESTIGATIONS AND RESULTS OF PROF. DR VLADIMIR MOŠIN ACHIEVED ON THE MONTENEGRIN COLLECTIONS IN MANUSCRIPT AND OTHER SLAVIC QUESTIONS

(S u m m a r y)

A prolific work of a famous Slavist Vladimir Mošin has been on the territory of the SFR of Yugoslavia, mainly in its three important centres: Zagreb, Beograd, Skopje. This erudite has, however, also reached each placc in the country, rich in Slavic monuments and similar. His work on the Montenegrin collections in manuscript, in important and old monastery centers and libraries, is of no less importance.

Related to the old medieval literature and literacy, it is important to mention his comprehensive work on the Chronicle of the Priest of Duklja. His special contribution is due to his presenting and describing the Cyrillic manuscripts from the monastery of Cetinje, as well as the ones from the monastery of Svete Trojice near Pljevlja, the monasteries of Morača and Nikoljca near Bijelo Polje, e. t. c.